


- РАЗВОЈОТ НА КОМПЈУТЕРСКИОТ СИСТЕМ ВО МУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА
- УЛОГАТА НА СИСТЕМ БИБЛИОТЕКАРОТ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ
- БИБЛИОГРАФИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА
- БИБЛИОТЕЧНИ ТЕРМИНИ
- БИБЛИЈАТА - КНИГА НАД КНИГИТЕ
- ПОРТРЕТ ЗА АВТОПОРТРЕТОТ НА ДРАГИ МИХАЈЛОВСКИ
- РАЗГОВОР СО ПИСАТЕЛОТ РАДОВАН П. ЦВЕТКОВСКИ


# БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД


ISSN 1409-9497 Бр. 1, јануари - март 2003

СПИСАНИЕ НА МАТИЧНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА






Секоја модерна библиотека во светот не може да го замисли своето работење.и постоење како институција без константно популаризирање на својата работа и постоење преку свое интерно гласило. Самото име на нашата институција не значи многу ако за историјата на истата треба истражувачите да пребаруваат по архивите.

Оваа година, за првпат, Матичната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Битола ќе ја популаризира својата дејност. Списанието изнесува содржини од работата на одделите, стручната и културно-просветната мисла на библиотечните работници во контакт со корисниците на библиотечните материјали и јавноста како и во соработка со писателите и другите научни работници на кои Библиотеката им излегува во пресрет. Целокупната програма на библиотеката од прегледот на набавката на библиотечниот материјал до популаризацијата на истиот преку изложби, промоции, литературни читања, трибини и сл. ќе бидат претставени на адекватен начин. Исто така, ќе биде оставен простор за критики на дела и извадоци од дела на познати роднокрајни и други автори од македонското литературно, уметничко и друг вид творештво.

Сметаме дека со публикувањето на едно вакво гласило како што е "Библиотечен тренд", јавноста ќе ја сфати библиотечната дејност не само како место за издавање и чување на книги и списанија туку како многу поширока и покомплексна дејност. Со постоењето на "Библиотечниот тренд" го надминуваме големиот хендикеп за нашата институција. Преку него постојано индиректно ќе и напоменуваме на јавноста за улогата на библиотеките и библиотекарите кои со своето знаење во голема мера им го скратуваат времето за истражување на корисниците и само вака информирани би се откажале од досегашното постојано прашање исполнето со сомневање, "Што работите вие во библиотеката?"

Сега кога сме веќе во можност да ги издадеме првите два броја од "Библиотечен тренд", а наредните два броја ги подготвуваме во наредните месеци, голема благодарност изразуваме до Министерството за култура кое ни излезе во пресрет за да започне овој наш значаен библиотечен проект и се надеваме дека ќе продолжи неговата реализација и понатаму.

Од редакцијата

**СОДРЖИНА** **2**

-БИБЛИОТЕКАТА ВО НОВИОТ МИЛЕНИУМ.................................................................. 3

**БИБЛИОТЕКАТА - ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА** **5**

-РАЗВОЈОТ НА КОМПЈУТЕРСКИОТ СИСТЕМ ВО МУБ
"СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА- *Николче Вељановски*...................................... 5
-УЛОГАТА НА СИСТЕМ-БИБЛИОТЕКАРОТ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ
Николче Вељановски........................................................................................................ 8

**ОД ИЗДАНИЈАТА НА МУБ** **11**

- БИБЛИОГРАФИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
БИТОЛА ( 1979-1999)*Цвеѿанка Дамјановска, Лена Секуловска и Јоланда Бошевска*..... 11
- БИБЛИОТЕЧНИ ТЕРМИНИ НА АНГЛИСКИ- *ѿриредил Николче Вељановски*....... 12

**БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ** **14**

-ОД ОДДЕЛОТ ЗА ПОЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ............................................................. 14
- *Библијаѿа - книѓа над книѓиѿе- Ричард Иванишевиќ*............................................ 14
- *Осврѿ кон делоѿо "Кандид" од Волѿер- ѿриредила Гордана Марковска*......... 15

-ОДДЕЛОТ ЗА ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА
- *Книжевниоѿ лауреаѿ - Гриѓор Прличев- Ричард Иванишевиќ*.......................................... 17
- *Порѿреѿ за авѿоѿорѿреѿоѿ на Драѓи Михајловски-Ричард Иванишевиќ*................... 18
-ОД ДЕТСКИОТ ОДДЕЛ НА МУБ - *ѿриредила Сѿеванка Пеѿковска*........................... 19

**ИНТЕРВЈУ** **21**
РАЗГОВОР СО ПИСАТЕЛОТ РАДОВАН П. ЦВЕТКОВСКИ
- *ѿриредил Николче Вељановски*.......................................................................................... 21

**ОД ЖИВОТОТ НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ** **24**

- ОД ПОСЕТАТА НА ДОМОТ ЗА ДОЕНЧИЊА ОД БИТОЛА
И МАНАСТИРОТ ПЛАОШНИК ВО ОХРИД- *ѿрherедиле Светлана Талеска и
Илче Сѿојановски*.......................................................................................................... 24

**БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ** **25**

**ЗАНИМЛИВОСТИ ОД СВЕТОТ НА КНИГАТА** **26**

**АФОРИЗМИ** **27**

**ЛИСТА НА ИЗБРАНИ КНИГИ ПРИСТИГНАТИ ВО 2003 ГОДИНА**

# БИБЛИОТЕКАТА ВО НОВИОТ МИЛЕНИУМ



*в. д. директор*
*Јелена Петровска*

Предизвикот што ја става библиотеката во позиција постојано да се менува налага и нејзина комплетна трансформација. Напредокот на технологиите во информациското општество, го условува видот на услугите во библиотеките.

Потребата за радикални промени во библиотечното работење условена е од широката палета на културни и медијумски понуди како и на се поголемиот број на корисници кои зависат од информацијата.

Поради зголемената достапност до информациските услуги на далечина и употребата на Интернет за пребарување на информации, се намалува бројот на корисници кои физички ја посетуваат библиотеката. Од друга страна пак, постои огромна потреба за кориснички ориентирани онлајн услуги кои им излегуваат во пресрет на потребите на корисниците и кои се достапни до секого. Не помалку се значајни и звучните книги т.е книгите снимени на касети и ЦД-а. Со својата поставеност библиотеките играат важна улога во нивниот развиток и понуда.

Нашите најмлади корисници растат со добро развиено и интуитивно знаење за користење на Интернет . Меѓутоа, сепак останува голема група возрасни и деца кои немаат ниту пристап, ниту знаење за да ги користат овие услуги. Библиотеките би требало поинтензивно да се фокусираат на потребите на ваквите специфични групи и самите да развијат нови стратегии во задоволувањето на нејзините корисници.

Пред се трансформираните библиотеки треба да бидат пријатни и удобни места каде што нејзините членови ќе имаат комплетен пристап до сите ресурси на информации, но во исто време ќе бидат места за дружење и размена на искуства па и пријателства. Тие ќе го поттикнуваат учењето и сопственото изградување за сите генерации. Посебно е важно доживотно учење во континуумот на процесот на учење. Тоа е учење во детството, но и формално образование на сите нивоа до независно учење во повозрасни години, вклучувајќи и учење на далечина.

Секоја старосна група мора да има свој приоритет. Кога се работи за најмалите, најважно е постојано развивање на љубов и навика кон читањето. Библиотеката би требала да им овозможи на најмалите корисници пријатно катче каде што децата ќе читаат, каде што ќе се дружат и разменуваат знаења, каде што ќе го живеат своето детство во светот на мечтата и литературата. Тука е и никулецот на идниот доживотен корисник на библиотеката.

Повозрасната група (адолесценти) е тн."критична група" која е и најбројна популација на читатели во библиотеката. За жал иако привидно најголема таа не претставува јадро на идни читатели поради низа фактори што пресудно влијаат на нивното формирање како читатели. Затоа библиотеката мора да им понуди на младите место каде што ќе можат да учат, да бараат интересни податоци или едноставно да се одмараат, да читат весници и списанија и да се состануваат со пријателите, а се со цел книгата да стане дел од нивното секојдневие.

Трансформацијата на библиотека-

та треба да биде и во однос на повозрасната читателска популација. Оние што активно работат како и оние кои го завршиле својот активен работен век треба да си го најдат своето место во современата библиотека.

Своето место библиотеката мора да го најде и во поширокта заедница, конкретно самата да се осмисли во средината каде што се наоѓа и дејствува. Мошне значајна е соработката со другите културни установи како и со општествените институции во градот.

Перманентно дополнување и усовршување на автоматизацијата на библиотеката мора да биде приоритет во нејзиното работење. Со воведување на систем COBISS (Кооперативен online библиографски систем и сервиси) МУБ Св. Климент Охридски стана дел од современото библиотечно работење а со тоа на своите корисници им овозможи мошне квалитетна и брза услуга. Библиотеката во скоро време ќе им овозможи на нејзините корисници и пристап до EBSCO базите на податоци за пребарување на целосни статии и абстракти на различни списанија од областа на медицината, социолошки, психолошки и др. науки.

Не помалку значаен фактор во современото библиотечно работење е и кадарот кој што ги опслужува корисниците на библиотеките. Современите текови во библиотекарското работење наметнуваат нови посовремени и поадекватни пристапи кон читателот. Самиот профил на читателот кој е испрофилиран во повеќе насоки налага соодветен пристап на библиотекарот. Со самиот факт дека бибиотеката постои за корисниците се што се превзема во истата мора да произлегува од нивните интереси.

Современиот библиотекарски работник мора да поседува интелектуални, физички, карактерни и др. особини. Тој пред се треба да е универзален и секојдневно да работи на своето самообразование. Не е доволно теоретското знаење стекнато во институциите на неговото школување така што библиотекарското работење бара од библиотекарот постојано да ја прати литературата и современата мисла а посебно инзвонредно да го познава библиотечниот фонд на дотичната библиотека. Не помалку значење има и пристапот кон читателот. Тој мора да е пред се љубезен, трпелив и стручен. Меѓу луѓето често пати владее погрешно мислење дека работата во библиотеката е лесна, мирна и тивка. Но тоа е така само на прв поглед. Библиотекарите мораат и физички да бидат подготвени за работа со странки, мораат да поседуваат и некои надворешни физички особини као што е пријатен изглед, добар слух и вид, добро памтење и со тоа да го задоволат принципот на современиот менаџмент- "правата личност на правото место". Библиотекарот никогаш не треба да работи по одредени шаблони, треба да е инвентивен, љубопитен и полн со енергија која ќе зрачи и која ќе ги привлекува корисниците.

Во услови на постојани промени во нашето битисување Библиотека ќе биде незаобиколен дел од човечкиот живот. Таа ќе му дава на корисникот неопходни информации и знаења што ќе бидат во функција на неговото деловно работење како и духовната надградба . Библиотеките сé повеќе ќе бидат втор дом и место за активно учење и здобивање со релевантни информации како и одмор од секојдневните обврски на нејзините корисници.



*Николче Вељановски*
*систем библиотекар*

УДК 021.63:004 (497.7)

## РАЗВОЈОТ НА КОМПЈУТЕРСКИОТ СИСТЕМ ВО МУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА

Во 1988 година беше усвоен проектот на СНТИЈ, финансиран од Сојузниот секретаријат за наука и технолошки развој, а за главен изведувач беше избран Институтот за информациски науки (ИЗУМ). Во системот на научно технички информации на Југославија (СНТИЈ), во кој што системот на взаемна каталогизација беше прифатен како БИС (Библиотечно информативен систем) на Македонија, на Марибор му беше доверена улога на главна информациска база на податоци (хост). На сите членки приклучени на хостот им беше овозможено по еден претставник да присуствува на еднонеделна бесплатна обука во ИЗУМ, Марибор.

НУБ "Св. Климент Охридски" Скопје (1988), беше определена за јазолна точка во СНТИЈ, односно во БИС на Македонија. Во 1990 година, со добивањето на терминалската опрема, нашата Матична и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Битола се приклучи преку јазолната точка во НУБ на ЈУПАК мрежата преку која имаше пристап до хостот во Марибор и до други меѓународни информациски сервиси и банки на податоци. Исто така, можевме да ја користиме електронската пошта. За нас се отвори прозорец кон светот и ни се укажа можноста за комуникација со светот. Покрај нашата библиотека во СНТИЈ/БИС беше вклучена и библиотеката на Природно-математичкиот факултет во Скопје и Кинотеката на Македонија. Сите го користевме апликативниот софтвер ЈУБИБ изработен од ИЗУМ во Марибор.

Податоците ги внесувавме во наша локална база, која ни беше отворена во компјутерскиот систем во Националната и Универзитетска библиотека (НУБ) во Скопје. Тоа го работевме директно преку единствениот терминал во библиотеката. Нашите записи, се запишуваа автоматски, доколку во хостот претходно немаше регистрирано идентични. Главната информациона база на податоци, или т.н. хост во Марибор се состоеше од неколку комбинирани странски и над петнаесет специјализирани домашни (Бившо-југословенски) бази на податоци од повеќе важни образовни, културни и научно-технички полиња од животот. Во секое време имавме пристап до хост-от кој можеше бесплатно да се пребарува. Можевме да преземаме записи и со мали исправки да ги имаме во својата локална база на податоци. Така, МУБ "Климент Охридски" -- Битола, стана втора библиотека во Македонија каде што отпочна процесот на автоматизација која во наредните години требаше да се развива како централна библиотека во Југозападниот Регион.

Распаѓањето на СФРЈ придонесе за пропаѓање на СНТИЈ и ЈУБИБ. Функционирањето на базите се сведе само на локално ниво. Врската со светските бази на податоци и електронската пошта се одвиваше преку МАКПАК. При крајот на 1994 година врската со другите бази и електронската пошта беше прекината заради неплатени долгови на НУБ. Тоа траеше и скоро преку цела 1995 година. Во меѓувреме ИЗУМ го надградуваше библиотечниот софтвер и го усоврши според меѓународните стандарди. ИЗУМ конечно се одлучи ката-

лошките записи да бидат според UNIMARC (Universal Mashine Readable Cataloguing), кој се темели врз постојните меѓународни стандарди на каталогизација како што се: ISDS-International Serial Data



System; ISBD(M)-International Standard Bibliographic Description for Monographs; ISBD(S)-International Serial Bibliographic Description; ISBD(N)-International Standard Book Description Number; ISSN-International Standard Serial Number. Повеќе автоматизирани национални библиотеки во светот го користат овој начин на обработка каде преку интегрален и универзален приод кон MARC-шемите за каталошка обработкаи беше овозможенакооперативна обработка на библиотечната граѓа и непречен увид во содржините на фондовите на другите библиотеки и постојните информативни системи во земјата и странство. Во 1995 година новиот библиотечен софтвер беше познат под името COBISS (КОБИСС) - Cooperative On-line Bibliographic System and Services. Всушност, COBISS беше надградба на системот за взаемна каталогизација.

Заради недоволно познавање на слични библиотечни програми на нашето поднебје постоеше сомневање дали да се одлучиме за словенечкиот библиотечен програм КОБИСС, или да чекаме претходно НУБ да се одлучи за некој друг програм, а ние да го прифатиме. Кај нив постоеа и реални проблеми затоа што нивната база на податоци беше поголема, а истовремено и нивното сомневање дека тие записи безбедно ќе бидат префрлени на новиот Алфа систем (сервер) кој работеше со VMS оперативниот систем.

При крајот на 1995 нашата библиотека веќе го набави Алфа-серверот 400 -4/166 МХз за кој сметавме дека ќе биде доволно голем и брз за нашата база на податоци и за нашите корисници. Требаше брзо да одлучуваме дали да го прифатиме КОБИСС, или не затоа што во тој момент НУБ конечно се откажа од истиот, а нас ни беше понудено бесплатно да станеме „демо" за Македонија со оваа програма. Кога веќе тоа го прифативме и се договоривме околу поединостите, НУБ побара и тие да потпишат договор. Договорот го потпишавме и ние со тоа што се промени-



ја некои работи од претходно договореното. Затоа што НУБ плати една одредена сума за користењето на софтверот, ние мораше да платиме некаква симболична сума и се договоривме да плаќаме за одржување на истиот што беше многу

поволно.

Пролетта и летото 1996 година неколкумина инженери дојдоа во нашата библиотека при што го инсталираа КОБИСС програмот и организираа обука на вработените за истиот. Истата година, во есента повторно организираа бесплатен престој за еден наш член за да се одреди како ќе изгледаат сигнатурите и за да се означат посебните Оддели на истите со нивните посебни инвентарни броеви. Требаше да се отклонат некои проблеми со печатењето на билтените на кирилица во нивните епром-и. Во овој период останавме да ја полниме само својата локална база без да бидеме поврзани преку взаемна база на податоци. Направивме неколку акции за ретроспективна каталошка обработка и до есента 2001 година повеќе од 90% од книжниот фонд беше веќе внесен.



Авторот воИЗУМ, Марибор 1996

Во декември 2001 година беше формирана библиографската база на податоци на Македонија (КОБИБ/МКД) и меѓу неколкуте библиотеки кои влегоа во взаемната база лоцирана на серверот во НУБ беше и нашата библиотека. Покрај нас во взаемната база влегоа ПМФ и МАНУ. Во тој почетен период над 50.000 библиографски записи од МУБ влегоа во взаемната база. Во текот на 2002 година неколку библиотекари-каталогизатори беа на обука во НУБ. Взаемната каталогизација се заснова на кооперативното собирање и дистрибутивна обработка на библиографско-каталошки податоци. Ова овозможуварационална поделба на работата при обработката на библиотечната граѓа. Доволно е, секоја единица да се обработи само еднаш, во локалната база, за потоа on-line, да биде достапна на сите учесници во системот, што воедно е и главна цел на автоматизацијата на библиотечните процеси. Пристапот до податоците од фондот се достапни и преку Интернет за што помага и WEB сајтот на МУБ.



Терминали за пребарување во МУБ „ Св. Климент Охридски"

Во моменталната фаза од автоматизацијата на МУБ посебно внимание му се придава на програмот за позајмување што засега го имаме само на тестната база и вработените се веќе обучени за работа.

УДК 023.5:004 (497.7)

# МЕСТОТО НА СИСТЕМ -БИБЛИОТЕКАРОТ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ

*Николче Вељановски*
*систем библиотекар*

Терминот систем библиотекар како работно место сеуште не е доволно познат меѓу библиотекарите во Р. Македонија. Тој често се поистоветува со терминот систем инженер кој по занимање е инженер и работи со комјутерскиот суистем, односно тој работи со машините - со серверите и другите машини кои се опслужувани од него или се врзани на него. Кратко речено, систем инженерот се грижи за компјутерската мрежа без оглед на тоа дали таа мрежа е во библиотеката или на друго место. Систем инженерот треба да обезбеди непречена работа на сите јузери или корисници кои се пријавуваат на системот.



Каролин Мур и авторот (горе десно)
Од семинарот за автоматизација на библиотеките во Македонија, Охрид 1996

Систем библиотекарот е посредник помеѓу компјутерскиот систем и автоматизираните библиотечни процеси кои тој систем ги подржува како интегрирани библиотечни процеси од една страна и од друга страна библиотекарите колеги кои треба да ги обучува, или информира за сите новонастанати промени во библиотечниот програм. Всушност, систем библиотекар е библиотекар кој има одредено познавање од информатика и кој успешно работел низ повеќе автоматизирани библиотечни процеси како што се: каталошка обработка на монографски и сериски публикации, УДК-класификација, предметна систематизација итн.

Во услови кога библиотеките треба да набават нов библиотечен програм или треба да го заменат постојниот со друг библиотечен софтвер, систем библиотекарот е тој кој треба да биде најангажиран и да знае кој он-лине интегриран библиотечен програм најповеќе одговара за да излезе во пресрет на библиотечните потреби и процеси. Тој треба да знае дали и како ќе се усогласи новиот програм со веќе постоечката банка на библиографски податоци. Систем библиотекарот треба претходно да ги испита можностите на новиот програм за да би можеле библиотечните процеси непречено да функционираат. Значи потребно е да се проследи и искуството на другите библиотеки каде тој програм веќе функционира и да ги слушне искуствата на библиотекарите кои работат со истиот. Кога се работи за избор на добавувачот на софтверот потребно е истиот да биде познат и признат добавувач на библиотечен софтвер кој работел подолго време исклучиво на таа проблематика. Ако тој нема постојана екипа која ќе се грижи за сервисирањето и помагањето на библиотекарите во поглед на обука за програмот како и неговото постојано надградување според потребите на библиотеката, тогаш тој не е сериозен добавувач.

Меѓутоа, при изборот на библиотечен софтвер потребно е паралелно да се води строго сметка и за добавувачите на хардвер. Добавувачот на хардверот, исто така, треба да има

искуство со работата на истиот или сличен библиотечен програм за да може систем библиотекарот да знае во колкава мера библиографските записи ќе можат да се внесуваат во банката на податоци и какви ќе бидат проблемите со хардверот воопшто. Добавувачот на хардверот треба да биде сериозна фирма која ќе може да го обезбедува сервисирањето на истиот во секое време, а по потреба да суделува во инсталацијата на библиотечниот програм.

Систем библиотекарот треба да биде во постојан контакт со раководниот орган и стручниот тим и да им ги изложува предностите и слабостите како на поодделни библиотечни програми така и на хардверот за кој тој има информации, а исто така и да дава преглед на евентуалните трошоци при евентуална набавка на истиот. Во случај кога библиотеката се реши за одреден библиотечен хардвер со чија помош програмот ќе функционира, систем библиотекарот треба да изврши анализа на недостатоците и на софтверот и на хардверот во нивниот меѓуоднос. Потоа, тој треба да стапи во контакт со добавувачот на софтверот и заеднички ги решаваат сите можни потреби и проблеми согледувани од добавувачот, а посебно од страна на систем библиотекарот.



Добавувачите на библиотечниот софтвер се сосема свесни за комплексноста на потребите за непречено извршување на библиотечните процеси. Еден од добавувачите на програмата COBISS , IZUM од Марибор, Словенија има персонал од над 60 стручни работници од кои најголем број се инженери информатичари со одлично познавање на библиотечните процеси и потреби.

Откако ќе се имплементира библиотечниот софтвер и хардвер, систем библиотекарот организира обука за вработените и самиот активно учествува во истата како инструктор. Почетната обука за вработените скоро секогаш ја водат добавувачите на софтверот, а оние на кои им треба дополнителна помош (таа постојано им треба на сите), посебно во случај кога вработените за првпат се сретнуваат со ваков интегриран on-line библиотечен систем, систем библиотекарот се активира во таа насока. Тој треба да биде посебно трпелив со оние библиотечни работници кои побавно се прилагодуваат на автоматизиранaта обработка на библиотечните материјали и да им посвети посебно внимание. На почетокот обуката се обавува на таканаречената тестна база, наменета за обука.

Откако вработените стекнат одредено искуство и преминат да работат во тековната банка на податоци, систем библиотекарот треба да добива информации за евентуалните недостатоци во софтверот со кои тие се сретнуваат во работата. Систем библиотекарот стапува во контакт со добавувачот на софтверот и го известува за недостатоците за кои тој треба да изнајде решение и да му го соопшти на систем библиотекарот откако претходно на одреден начин ќе интервенира. Недостатоци ќе постојат и после една, две или повеќе години од

имплементацијата на библиотечниот софтвер. Тоа се докажа и ден денес во нашата библиотека, почнувајќи од означувањето на дупликатите, публикациите во томови, во пополнувањето или непополнувањето на одредени полиња или потполиња при што беа неопходни накнадни акции за отклонување на истите.

Систем библиотекарот постојано треба да биде во тек со надополнувањето и надградувањето на софтверот како и за најновите можности на хардверот потребен за поуспешна работа на интегрираниот библиотечен систем. При едно предавање на систем библиотекарот на Универзитетот во Илиноис, Мери Бет Лавињо (Marry Beth Lavigno- systems librarian), во 1995 година, на кое бев присутен, ќе рече: ´**систем библиотекарот е библиотекар, кој не мора да биде инженер, а потребно е да има знаење од информатика и солидно искуство од повеќе библиотечни процеси и што е најважно треба да има насмевка и ентузијазам**´. Истата дефиниција ја слушнав како учесник на семинарот, односно воркшопот (workshop) "Автоматизација на библиотеките" кој се одржа во 1996 година во Охрид на кој зедов активно учество и затоа од организаторот ми беше дадена можност да напишам извештај за работата на истиот. На воркшопот кој траеше три дена учествуваа по еден до двајца претставници од 21 библиотека од републиката. Предавачот од Лондон, Каролин Мур (Caroline Moore, Information and Library systems consultant), ќе нагласи неколку пати: ´**на библиотеките и воопшто на библиотеките во Македонија, денес кога тие треба да се автоматизираат им се потребни систем библиотекари чиј ентузијазам треба да "влече" до нивна потполна автоматизација и одржување на истата на ниво на европските и светски стандарди**’.



*Од петтомесечниот престој на авторот во првата автоматизирана библиотека на САД при универзитетот Илиноис во Урбана-Шампањ, Охајо*



УДК 013: 378.4 (497.7) “1979/1999”

# БИБЛИОГРАФИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

*Цветанка Дамјановска*
*Лена Секуловска*
*Јоланда Бошевска*

Проектот "Библиографија на Универзитетот Св. Климент Охридски 1979-1999", претставува дел од повеќе годишни истражувања на Матичната и универзитетска библиотека Св. Климент Охридски-Битола, која како нејзина рамноправна членка истражува и прибира документарен материјал за Универзитетот, а со тоа придонесува и за побрзо евидентирање на вкупната граѓа неопходна за истражување и пишување на историјата на Битолскиот универзитет.




Оваа библиографија е вовед во еден поголем труд што тематски ќе ја опфати целокупната дејност на Универзитетот во два дела:

1.Историја на универзитетот, општествено-политички и културен живот и изданија на Универзитетот;

2.Наставно-научна работа и наставниот кадар на Универзитетот од 1979-1999 со своите комплетни научни трудови(објавени и необјавени), учество на симпозиуми, конгреси и сл.

Во овој прв дел на библиографијата се опфатени сите релевантни статии истражени во фондовите на Библиотеката, како и монографски публикации објавени од Универзитетот како институција.

Статиите во овој труд се однесуваат на Универзитетот и неговите институции, факултети, Универзитетска библиотека научни институти, наставна работа,општествено-политички и културен живот, студентски домови, здруженија, задруги и фондови,здраствени и културни установи објавени во македонските весници и списанија за период од 20 години.

Обработена е релевантна граѓа истражена во следните македонски изданија на весници и списанија: Нова Македонија, Вечер, Битолски весник, Студентски збор, Млад борец, Студент, како и изданија на монографски публикации од издавачката дејност на Универзитетот.

Библиографската граѓа во оваа свеска е средена според УДК (Универзална децимална класификација), а во рамките на класификацијата библиографските единици се средени азбучно. Библиографијата се обработува де визу според ISBD(Меѓународен стандард за библиографски опис). Библиографскиот запис содржи анотација секогаш кога насловот не ја опфаќа или недоволно ја открива содржината на публикацијата или статијата.

Библиографските единици се подредени азбучно. секоја библиографска единица е систематизирана според системот УДК според средното и другите изданија на Универзална децимална класификација: прво српскохрватско средње издање ЈУБИН-Београд 1991

Библиографските описи се изработени автоматизирано на сметач, според што записите на б.е. содржат идентификациони броеви. Исписот е подготвен со програмска поддршка на COBISS(Кооперативни онилане библиографски систем и сервиси) што го одржува IZUM(Institut informacijskih znanosti Maribor). Податоците се структуирани според библиографскиот формат COMARK што претставува модификација на форматот UNIMARK.

Библиографијата содржи Регистар на имиња, Регистар на стварни наслови и Предметен регистар.

Регистарот на автори ги содржи имињата на лица кои што учествувале во духовното создавање на содржините на статиите, како и имиња на автори цитирани во библиографската забелешка. Во

Регистерот се внесени сите форми на имиња од кои неусвоените форми од едно име се упатуваат на усвоена форма за единстевена именска определница .

Регистарот на стварни наслови ги содржи сите наслови на статии, со или без автори.

Предметниот регистар го содржи пописот на предметот што го обработува статијата, изразен преку определници кои се азбучно средени. Тој укажува на определен предмет-тема, не водејќи сметка за аворот на делото односно статијата. Во предметниот регистар секој предмет-тема се обработува самостојно и одделно и со тоа предметниот регистар ја исполнува основната задача да овозможи точна, брза и непосредна информација за дадените статии содржани во Библиографијата.

Би сакале да веруваме дека презентираната библиографија ќе го претстави растежот и развојот на Универзитетот низ една значајна димензија преку дведецениските напори на одделот Библиографии да остави една библиографија која ќе претставува прилог од непроценливо значење за идните истражувачи.

## БИБЛИОТЕЧНИ ТЕРМИНИ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

*приредил и превел Николче Вељановски*

**ASTERISK** (*) - симбол кој се впишува при скратување на еден збор, наслов, или име и презиме на автор при пребарувањето на книги, списанија, статии и друг библиотечен материјал.

**BARCODE** (Баркод): Алфанумерички или нумерички податоци кодирани преку серија на вертикални прачки кои се разликуваат по дебелина за да претстават одредени броеви. Можат да бидат прочитани на компјутер со помош на ласерски читачи. Во библиотеките се користат во одделите за позајмување.

**BIBLIOGRAPHICDATABASE** (Библиографска база на податоци) - база на податоци со записи кои опишуваат книги, списанија, статии и други материјали кои се чуваат во библиотеките.

**CATALOGUE** (Каталог): место каде се запишани сите библиотечни материјали. Во компјутерскиот систем каталогот претставува библиографска база на податоци.

**CATALOGUING** (Каталогизација): процесот на создавање на библиотечен каталог. Всушност тоа е главниот модул во еден интегриран библиотечен систем.

**CD-ROM (Compact Disc Read Only Memory)**: оптички диск кој може да складира текст, графика, звук итн. ЦД-РОМ-овите се користат во издавачки формат за многу библиографски банки на податоци, библиотечни материјали и за дистрибуција на софтвер.

**COBISS (Cooperative On-Line Bibliographic System and Services)** - Библиографски систем сервис на Научниот институт на Марибор, Словенија како надградба на

системот на каталогизација кој се користи во неколку бивши југословенски републики.

**DISK DRIVE** (Диск Драјв): уред за складирање, пишување и читање на информации од компакт дискови.

**CIRCULATION** (Позајмување): функција на библиотечно организирање и контролирање на позајмувањето и враќањето на библиотечниот материјал од страна на корисниците. Тоа е еден од модулите на интегрираниот библиотечен систем.

**FULL-TEKST** (полн текст): го означува библиографскиот материјал (статии, списанија и др.) запишан во библиографската банка на податоци во целост.

**E-BOOKS** - библиографски материјал (книги) на компакт диск кој исто така може да биде содржан во библиографската база на податоци.

**E-JOURNALS-** библиографски материјал (списанија) на компакт диск кој исто така може да биде содржан во библиографската база на податоци.

**EPROM - Erasable Programmable Read Only Memory** - една од употребите му е во печатачите на библиотеките при што текстот го покажуваат паралелно на кирилица и латиница и сл. , во случај кога оперативниот систем, во кој што се внесени записите, ги испраќа до штампачот само како еден фонт. На пр. само на латиница. Затоа за матричните печатачи во библиотеката ни се потребни ЕПРОМ-ите прилагодени на КОБИСС-програмот, програмирани во ИЗУМ, Словенија.

**HOST**: централна библиографска банка на податоци која содржи голем број на други бази на податоци достапни за онлине пребарување.

**ISBN: International Standard Book Number** - број доделен на секоја издадена монографска публикација.

**ISSN: International Standard Serial Numbe**р - број доделен на секоја издадена сериска или периодична публикација.

**ISBD: International Standard Bibliographic Description** - Меѓународен стандард за обработка на книги, списанија, статии и друг вид библиотечен материјал.

**KEYWORD**: индексиран термин по кој може да се пребарува и да се пронајде бараниот наслов и сл.

**MARC: Machine Readable Cataloguing** - шема или маска за каталогизирање на библиографските податоци која е стандардизирана. Постојат неколку типа на шеми: USMARC (го користи Конгресната библиотека), UKMARC (го користи Британската Библиотека) итн. UNIMARC е универзална шема која е комбинација од неколку MARC- шеми И најмногу е користена во библиотеките на Словенија, Србија и Црна Гора, Македонија и други источноевропски библиотеки.

**OPAC: Online Public Access Catalogue** - систем за пребарување на компјутеризиран библиотечен каталог дизајниран за брзо и лесно користење од страна на корисници кои немаат никакво посебно искуство со компјутери или системи.

**TERMINAL:** уред за внес и пре барување на библиографските податоци. "Тупите" терминали, кои за разлика од компјутерите "не умеат да мислат", немаат меморија или сопствен процесирачки капацитет.

БИБЛИОТЕКАРИТЕ ПРЕПОРАЧУВААТ
## ОД ОДДЕЛОТ ПОЗАЈМУВАЊЕ НА ВОЗРАСНИ



*Приредила Гордана Марковска*

**Најчитани книги:**

1. ПОСЛЕДНИТЕ СЕЛАНИ - Петре М. Андереевски
2. АЛХЕМИЧАРОТ - Паоло Куелјо
3. ЦЕЛЕСТИНСКОТО ПРОРОШТВО - Џејмс Редфилд
4. ГОСПОДАРОТ НА ПРСТЕНИТЕ - Тон Р. Толкин
5. ПАТУВАЊЕ СО ЉУБЕНАТА - Божин Павловски
6. БУДЕЊЕ - Антони де Мело
7. БИТОЛСКА ХРОНИКА ОБИТЕЛСКА ТРАГЕДИЈА - Владимир Костов
8. КАНДИД - Волтер
9. СВЕТО ПИСМО
10. СТРАНЕЦ ВО ОГЛЕДАЛО - Сидни Шелдон

## БИБЛИЈАТА КНИГА НАД КНИГИТЕ

*Ричард Иванишевиќ*

Најсветата и најтајната, најчитаната и најпочитуваната, најобожаваната и најбожествената книга меѓу христијаните ширум сехристијанскиот свет е БИБЛИЈАТА...Создадена од низа автори, авторитетна и вечно привлечна по духовноста, содржините, мудроста и грамотноста, претставува хрестоматија, хроника, историја и енциклопедија на христијанството, хронологија на христовите харизми, богородичните благородија, апостолските чуда и чудества, духовни и душевни драми на ангелските дела и ѓаволските недела, страшните и ужасни прикази на пеколот, небесните двери на рајот, неизвесните мистерии на чистилиштето, замоците на бесмртноста, дворците на библиските бесмртници, светци и светици. Библијата - најпрепишуваната и најпечатената книга, чија слава и моќ, читаност и преведуваност, планетарно плени и вселенски вознесува две илјади години верници на Христовата вера.

Вистина е дека, Библијата е храмот на храмовноста. Од Библијата потекнува градењето базилики и катедрали, манастири и цркви, светилишта и свети места; Според библиските легенди, сцени и биднувања - создадени се ремек - дела во ликовните уметности. Неимарските спиритуални монументи - храмовите кои се исполнети со фрескописи и живописи, скулптури и резби, калиграфски и каменорезачки убавини до совршенства, мотивирани и испирирани од универзалниот храм на христијанската библија. Философите, книжевниците, композиторите, твореле, творат и ќе творат повикувајќи се на непресушните извори на библиските светогледи кои поттикнуваат кративно да се толкува психата, бескрајот на генијалноста, бесконечноста на фантазијата, безграничноста на емоциите, хипнотичноста на божественото...

За сите изданија на библијата само едно е неменливо и незаменливо: деминацијата на христијанскиот дух; пиедесталноста на вистината и верата која никогаш не згаснува - христијанските празнувањана верата и надежта, од која се црпат желбите, копнежите, среќата за ближните, жизнерадосност и благословот на блаженоста што господари и шири од книгата над книгите, во која е загадочната Песна над песните. Едемската градина, Таворската гора, Исус од Назарет, посланијата на Мојсие, Зидот на плачот во Ерусалим, Гетсиманската градина, Давид и Голијат, Апокалипсата и Голготата, Содома и Гомора и уште безброј библиски теми,

места и личности се вечни мотиви, пораки и препораки на инвентивните - посебно генијалните да ја интерпретираат Библијата во најразновидни креативни заложби.

Библијата е присутна во литературата на Данте и Гете, во музиката - ораториуми, Реквиемот на Моцарт, во севкупниот опус на Микеланџеловиот демиург, севкупното сликарство на Рембрант, во раскошните икони на Андреј Рубљов, во прекрасните сликописи на охридските завештанија од Михаил и Евтихиј, во резбите на Резовци и Фрчковци, Зограф Дичо, во современите храмови, во древните свети градби, во поезијата на Михаил Ренџов, сликите на Владимир Георгиевски, бо прозата на Владимир Костов, во славните "Беседи од Калиште" на Отец Стефан Санџаковски...

Библијата не е само ритуална, реликвиска света книга која има религиска, теолошка или теогониска важност - Таа е волшебна книга, чија мисија не мисионира само на богослужбите, туку таа е книга која исцелува, утешува, советува, пред која може да се испеведаме и насамо и кога сме осамени, тажни, нерасположени, во обеспокоени состојби. Во нејзината милосрдност, страдањата и искушенијата се ублажуват.

## ОСВРТ КОН ДЕЛОТО КАНДИД ОД ВОЛТЕР

*Гордана Марковска*

Франсоа - Мари Аруе Волтер живеел од 1694 - 1778 год. и бил еден од најзначајните и најеминентните француски писатели и филозофи. Мошне разновидни се неговите книжевни трудови- прозни дела и филозофски размисли, историски дела, многубројни критики, полемички текстови, памфлети, коментари, богата кореспонденција со еминентни современици итн.

Сето заедно ни дава за право да констатираме дека Волтер претставува една од стожерните величени на 18 век . Кандид излегол од печат во првиот месец од 1759 год. кога Волтер бил на 65 годишна возраст, со богато писателско искуство зад себе, во време кога неговите филозофски и други текстови веќе ја бранувaат цела Европа. Кандид е всушност и самиот Волтер . И бидејќи самото име во превод, означува искрен, невин, наивен, простодушен човек, односно особини што ги содржи карактерот на детето, пред да почнат во него да се мешаат и да го расипуваат особините на подоцнежната возраст, авторот го зема токму него како главна личност на својата приказна, со негови очи да ги гледа и да ги следи настаните што се случуваат во романескното дејствие. Како авторот, така и читателот се идентификува со личноста на Кандид, зашто детето вечно живее во човекот, независно што околината и возраста непрестајно му ги наметнуваат своите искуства и својата логика. Кандид на секоја случка и појава гледа секогаш со вчудоневиденост и вџашеност. Лошите работи му се причинуваат многу полоши, а добрите многу подобри, убавите многу поубави.

Тајната на глемиот успех и популарноста на "Кандид" се состои во генијалната дарба и вештина на раскажувањето, како и воспособноста на авторот да му даде најсоодветна форма на делото. Така од позицијата на филозоф Волтер создаде филозофски роман при тоа базирајќи се врз народните раскажувачки традиции на романот му дава форма на приказна, така што најпосле добиваме своевидна верзија на прекрасната француска "шехерезада". Неговото црно бело сликање концизна реченица, егзактен израз и елегантен стил, ја освежуваат прозната структура со лесен хумор и ироничен тон. Би можело уште многу да се зборува за Кандид, како што тоа го направиле многу литературни критичари. Но ќе кажеме само уште тоа:

Благодарение токму на"Кандид" славата на Волтер не само што не згаснува, туку се повеќе расте. Дури и денес се актуелни прашањата што се покренати во ова бесмртно дело, за кое се вели дека е книга за сите возрасти и за сите времиња.

## ОДДЕЛ ЗА ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА



*Приредил Драги Кабровски*

Популаризацијата на книгата има за задача на организиран начин да го зголемува интересот за читање на книги, таа да биде што подостапна и поблиска до читателот. Исто така, преку најразновидните форми популаризацијата има за цел да ја афирмира дејноста на Библиотеката како најсовремена културно образовна институција што врши библиотечна дејност, како и прибирање, обработка и презентирање на информации и податоци за библиотечниот материјал, со што придонесува за задоволување на културните потреби и придонесува за унапредување на научно-истражувачката работа во регионот.

Популаризацијата се врши преку разни форми на културно-просветни активности:

-изложби на книги кои можат да бидат (тековни и тематски)
-промоции на нови книги
-литературни читања и средби со писатели
-прифаќање на организирани групни посети на Библиотеката
-наградни литературни конкурси
-прогласување на читатели - шампиони
-предавања и трибини
-ликовни изложби и др.

Организирани се посети за првачињата од основното училиште "Св. Кирил и Методиј", учениците од трето одделение од ОУ "Гоце Делчев" и забавиштата од Детска градинка. Посетите беа реализирани во детската библиотека каде, низ разговор, децата беа запознати со работата и дејноста на Библиотеката како една од постарите културни установи во градот Битола и пошироко.

Изложбите на книги како форма на културна активносст во МУБ "Св. Климент Охридски" се воведени од 1957 година. Оттогаш па се до денес на оваа форма на активност и се посветува големо внимание. Се приредуваат тековни и тематски изложби на книги по повод разни настани и јубилеи. Се поставуваат изложби на издавачките куќи: "Детска радост", "Македонска книга", "Култура", "Просветно дело", "Магор" и др.

## ПРОМОЦИИ НА ИЗЛОЖБИ КНИГИ И ПРЕДАВАЊА



*Приредил Ричард Иванишевиќ*

Оваа година изобилува и со организирани литературни читања со учество на ученици - членови на литературните секции, еминентни поети и писатели од градот и Републиката како: Ката Мисиркова - Руменова, Иван Чаповски, Драги Михајловски, Радован П. Цветковски, Панде Манојлов и др.

Од почетокот на годината поместени беа следните изложби: **Григор Прличев-110 години од неговата смрт.** Истите беа проследени со камерни есеи од Р. Иванишевиќ (информатор-презентер); изложба на книги од писателката

Перл Бак (По повод на меѓународниот ден на жената); од книжевното творештво на истакнатиот литературен теоретичар и книжевен историчар проф. д-р Харалампие Поленаковиќ; Тематска изложба на книги посветени на животот и делото на патронот Свети Климент Охридски(по повод одбележувањето 25 март - ден на основањето на библиотеката); По повод **Светскиот ден на книгата 23 Април** пригодна поставка на книги "Светска Драматургија" (Шекспир, Лопе де Вега и Сервантес); "Сто години од смртта на Гоце Делчев" - по повод 4 мај денот на неговото загинување (во рамките на **100-годишнината од Илинденското востание**); "Библијата книга над книгите" (сите изданија од книжниот фонд на Библиотеката).

- **Живко Митревски** -
"Синдикални Предизвици"

Во почетокот на годината беше промовирана книга од претседателот на синдикатот на Општина Битола г-н Живко Митревски, посветена на синдикалниот развој во Република Македонија, а ја промовира претседателот на Синдикатот на Р. Македонија г-н Ванчо Муратовски.

17.03.2003
**Драги Михајловски** - "Смртта на дијакот" со осврт на есеистот Р. Иванишевиќ. Книгата е влезена во избор на роман на годината на културната страница на Утрински Весник. Автор на повеќе прозни дела. Реномиран преведувач од англиски на македонски, инаку проф. на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

20.03.2003
**Жената од Африка** - животот на жената во Абиџан (Брег на Слонова Коска)
Проекција на слајдови, со предавање - излагање од **Елизабет Лили Бутман Банколе**, професор и писател од Берлин, СР Германија

## ЛИТЕРАТУРНИОТ ЛАУРЕАТ - ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

*Ричард Иванишевиќ*

Деветнаесеттото столетие во македонската книжевна заложба вечно ќе се памети по преродбеништвото и раскошната духовна ризница која му ја завештаа на македонското културно наследство и македонштината, истакнатите учени духовници и надарени литерати како што се Браќата Константин и Димитар Миладинов, Партенија Зографски, Крсте П. Мисирков, Јордан Хаџиконстантинов Џинот, Рајко Жинзифов, Кузман Шапкарев и редица други знаменити духовни дејци.

Деветнаесеттиот век е векот духовно овековечен во делото и личноста на Григор Прличев, бесмртниот поет и благородниот човек, чесен македонец, посветен на Македонија. Скромен во животот, славен, вонвремен по ремекделата што ги создаде при својот престој на земјата, безвремен и загадочен по она што го дари низ творештвото на современиците, потомците и поколенијата поети-книжевници кои ќе го следат неговиот гениј. Духовноста го понесе, го вознесе меѓу небесните.

Се роди во Охрид 1831-та. Во Охрид почина 1893-тата. Таму по свој избор почина и вечно почива. Не сакаше татковината и мајчиниот јазик да ги замени за убав живот, затоа што ќе беше несреќен ако пишува на туѓ јазик, и му служи на чужд народ. ... на дваесетидеветгодишна возраст, 1860-тата во Атина беше овенчан со ласкавата прва награда, на поетскиот конкурс. Го прогласија за Нов Орфеј, Втор Омир, а на поетскиот Олимп, да те крунисаат и постават на тој за сите учесници недостижен, освен за него Григор Прличев кого го споредија со великиот Хомер, и го назначија за хомеров наследник, и кога му понудија да

студира на Оксфорд и во Берлин - благодарение на поемата "О Арматолос (на грчки) "Сердарот" на македонски... тогаш престижниот поет донесе патриотска одлука засекогаш да се врати во Македонија, и до крајот на животот да живее меѓу своите, да не биде ничиј заточеник и слуга, да се стави во духовна служба со дарбата на перото да војува за сопствениот род и пород, да освојува низ духовните дејанија-поезијата и прозата, за да се претстави и прикаже величието на македонскиот дух, широчините на македонската душа и височините на македонштината.

Свесен и совесен, иако остатокот од животот мина во немаштија, замина осуден доброволно во немилост. Тој го напушти овој свет среќен. Се лиши од световните задоволства и благодети, по свое убедување и уверување дека, поарно е да се живее аскетски и монашки, отколку да се слугува и да се робува. Неговото дело е национално книжевно и културно светилиште, а неговиот светечки, свештенички начин на размислување и осмислување е продолжување на трајната мистерија и мисија на личности и автори кои му го посветиле животот на уметнички дела кои ќе красат, користат, зрачат и значат на многу лета за век и веков.

## ПОРТРЕТОТ ЗА АВТОПОРТРЕТОТ НА ДРАГИ МИХАЈЛОВСКИ

*Ричард Иванишевиќ*

Сложени се личноста и делото на творецот, кој има богата и завидна инвентивна биографија со разновидни референци. Тие се должат на професионалноста, темелноста, студиозноста, ерудицијата, арт-енциклопедизмот, имагинативноста и посветеноста, кон се она што создава, но и остава како трајна и тајна заложба на посебноста на моќта. Започна како студент-библиотекар, од неодамна и универзитетски професор, паралелно творејќи го својот литературен светоглед.

Доблесна креативна кариера и авторитет на автентичен автор, придружуван од метафориката на албатросот и симболиката на фениксот- својствени за личниот уметнички феликс на трагачите, истражувачите на духовноста, страстно служејќи на духовните цели, идеали-идеи чии идоли им се делата. Драги Михајловски го поседува тој дар, да има усет, да биде вперен во потрага по вечноста и вонвременоста на небесните совршенства, во неговиот случај, во духот на спектрум спиритум. Фасцинантен преведувачки опус од англиски на македонски; славните сонети на Шекспир; епот "Загубениот рај" на Милтон, па преводи на Вордсворт, Шели, Елиот, Џон Дан, Стојан Христов. Куриозитет од 6000 стихови.

Како книжевник, пред литературниот аудиториум се претставува со книгата "Речно Улиште" (1981), "Ѓон" (1990), "Нераспнатите богови"(1991), "Скок со стап"(1994), "Триполската капија"(1999), "Пророкот од Дискантрија" (2000), феноменолошките филолошко-филоцофски трактати посветени на магијата и мистеријата на преводот "Под Вавилон"(2002) и делото за денешната промоција "Смртта на Дијакот", за кое Драги ја доби престижното книжевно признание-лауреат од ДПМ, традиционално востановената награда "Стале Попов". Да потсетиме дека во 1994-тата авторот е добитник на Рациновото признание за "Скок со стап", а 1996-тата му е врачена Прличевата награда за превод на "Изгубениот рај" од Милтон.

## ДЕТСКИОТ ОДДЕЛ ПРИ МУБ



*Приредила Стеванка Петковска*

Одделот за деца при Библиотеката е значаен културен и образовен центар во градот. Со својата исклучителна богата дејност како културна институција одделот претставува идеално место за најмладите да го збогатуваат своето знаење. Всушност, почетоците на Детската библиотека се на 6.02.1955 година, во просториите на поранешната зграда на Пионерскиот дом, а од 1.07.1959 година станува посебен оддел во составот на Градската библиотека. Денес, овој оддел го посетуваат од 150 до 200 читатели дневно што го прави одделот многу популарен.

Членовите се подеднакво од претшколска и од школска возраст од основно образование. Најчитани се бајките, приказните, фантастичните, научно-популарните, тинејџерските романи, а посебен е интересот за енциклопедиите преку кои децата се запознаваат со многу подрачја од животот и науката како и се информираат за многу настани и случки во минатото и иднината. Возраста е таа која му налага на библиотекарите (двајца) во овој оддел да ја покажат целата своја одговорност во работата, затоа што од големо значење е способноста на библиотекарот, неговото знаење и познавање на содржините на книжевниот фонд.

За да привлече што поголем број на читатели Детскиот оддел користи повеќе методи на работа. Преку медиумите со избор на најчитана книга и краток осврт на содржината сакаме да ги заинтересираме младите читатели и да го привлечеме нивното внимание. Изложбите на нови книги во одделот, средби со писатели, литературни читања и сл. го прават овој оддел пријатно катче за дружење и запознавање со најновите хитови во домашната и странската литература.

**Најчитани книги:**

1. Сината патека на љубовта - Манев Методи
2. Судбоносна одлука - Арсова Елизабета
3. Пролет зад мојот прозорец - Арсовски Томе
4. Заборавениот колосек - Поповски Глигор
5. Библија за млади
6. Мојата прва библија
7. Вечниот ветер - Петровски Горјан
8. Бубреже - Руменова-Мисиркова Ката
9. Златни бајки
10. Разиграни и весели
11. Рано дојде љубовта - Петровски Горјан

**"Сината патека на љубовта"** - Методи Манев

Љубов меѓу двајца млади од различна вера, но со исти погледи на свет кога е во прашање љубовта, нивната разделба и плодот добиен од таа љубов.

**"Судбинска одлука"** - Арсова Елизабета

Приказна за судбината на две девојчиња без родители дадени во дом за сирачиња. Нивната судбина ќе биде различна. Едната ќе тргне по погрешен пат - патот на дрогата кој ќе биде фатален за нејзиниот живот, додека другата похрабра ќе го избере вистинскиот пат да го заврши школувањето и да успее во животот, да биде некој и нешто.

**"Пролет зад мојот прозорец"** - Арсовски Томе

Книга за младите кои не размислуваат дека погрешниот правец во животот може да биде фатален. Станува збор за младите средношколци кои многу брзо се залетуваат без да бидат свесни дека влегуваат во лошо друштво и лоши навики кои најчесто предизвикуваат тешки последици. Сепак епилогот ќе биде среќен со тоа што еден од главните јунаци ќе сфати дека еден од главните



Награда за најредовни читатели
По повод Светскиот ден
на книгата 23 Април

јунаци оди во погрешен правец и ќе успее во последниот момент да се извлече од едно од злата на денешницата - дрогата.

**"Заборавениот колосек" - Поповски Глигор**

Животот на децата без родители е посебно тежок. Тие се оставени на милост и немилост самите да се снаоѓаат како знаат и умеат. Главната тема се движи околу детето кое нема родители и принуден е да живее во еден напуштен вагон, да работи и да разнесува стока. Сепак крајот ќе биде среќен бидејќи ќе се појават неговите родители и неговиот живот веќе ќе почне да тече во еден нормален и среќен живот.

**"Вечниот ветер" Петревски Горјан**

Љубовна приказна за млади. Тоа е љубовта на Божин кон девојката Винка Керан, повозрасна од него и верена за негов соселанец Марко. Божин е осмоодделенец, возраст кога веќе почнува да се јавува чувство на симпатија и заљубеност во девојчињата. Тој е занесен од убавината на Винка и не размислува дека е повозрасна од него. Сепак тој сакал несакал мораше да сфати дека дека неговата заљубеност оди во погрешен правец. Почна да ги забележува девојчињата околу него за кои дотогаш не сакаше ни да размислува.

**"Бубреже" - Мисиркова Ката - Руменова**

Романтична љубов на двајца студенти. Едниот со усовршен англиски јазик, дојден од Америка, а другата студентка заљубена во тенисот. И двајцата млади, полни со енергија со желба да постигнат нешто во животот. Меѓутоа желбите се едни а стварноста е друга. Престојот во Америка, големата слобода го носи во сосема друга насока - дрогата. Таа ќе му го одземе и животот. Елена останува на патот на својата определба - тенисот.

## НА ВОЛШЕБНИЧКАТА КНИГА

Не си учител,
но не учиш
секогаш забавно и точно.

Не си раскажувач,
но ни раскажуваш,
топло и возбудливо.

Не си поет,
но песни кажуваш,
нежно и милозвучно.

Не си жива,
но си другар,
најдобар и мудар.

Ти даваш клуч, за многу тајни,
за оној кој те почитува,
за оној кој те цени.

Ти си брод,
пловам со тебе по океани
од приказни и сказни,
ти со волшебен килим,
богатство тајно,
искуство незаборавно.

Ти си од знаење и ука сплет,
ти си мал
но богат свет.

Патот кон животот и светлината,
патот кон правдата и вистината,
ти ми го покажуваш.

Ти си предмет,
но не само тоа,
ти си волшебничката книга.

Втора награда - “Поетски бранувања’99”
Петар Митревски VIII - 4 одд.
ОУ "Св. Климент Охридски"

## РАЗГОВОР СО ПИСАТЕЛОТ



РАДОВАН П. ЦВЕТКОВСКИ

**Слободно можеме да кажеме дека припаѓате во редот на познатите битолски и македонски писатели. Секако дека писателската работа однекаде започнала. Каде се вашите почетоци?**

-Секако дека и мојата писателска работа има почеток. Нема ништо без почеток. Во врска со тоа јас не се сеќавам за нешто подалечно од оној настан во летото 1943 кога настана пресврт во мојата душа, и онаа доцна есен на 1944 година кога јас дојдов во Битола, малку со задоцнување, да го продолжам своето основно образование, запишувајќи се во VI одделение во Основното училиште "Св.Климент Охридски", сместено во сегашните згради на Основното училиште "Гоце Делчев". Помнам, ѕидните весници беа во мода. Е, сега да дојдеме до тоа каде е почетокот на мојата писателска работа, која е мојата прва објава, мојата прва песна.Тогаш како ученик живеев во гимназискиот интернат. И во интерантот имаше ѕиден весник. Токму таму ги направив првитее литературни чекори. Се сеќавам како денеска на ѕидниот весник на интернатот на Битолската гимназија"Гоце Делчев". Тоа

беше во некогашната зграда на Водовод и бањи. Во средината меѓу двете скали на влезот од зградата беше ѕидниот весник. Токму во еден од тие ѕидни весници, бидејќи се менуваа месечно, е објавена мојата прва песна ако така можам да речам. Тоа е почетокот на мојата писателска работа.

**Работевте долго време како наставник. Каква беше врската на вашата писателска дејност со занимањето наставник?**

- Според мене врска има. Сé зависи од кој ракурс тоа го гледа некој. Ако се сложиме со тоа дека професорот по литература треба да биде во постојан контакт со книгата , од една страна и неа некому да ја препорачува, овде кому ако не на учениците со кои тој контактира, од друга страна. Ми се чини дека врската е повеќе од очигледна. Тоа има и подлабоки елаборирања, реков сé зависи од тоа на што ќе биде ставен акцентот. Професорот, односно овде поистоветен со писателот, е само случајност. И секако дека во доближувањето, анализирањето, односно разработката на делото станува предност во овој случај. Тоа не значи дека секогаш мора и така да биде. Мојата врска со учениците и професорскиот позив беше подлабока и посенасочна, дури и надвор од наставата.

**Првата издадена книга кај писателите останува во паметење, посебно ако се знае дека Вие живеевте во внатрешноста и во време кога не беше лесно да се биде писател. Сепак успеавте. Како?**

-Кој автор, кој писател не би се сеќавал на првообјавената книга. Овде може да биде и поширока одисејата за првообјавената книга. Па уште кога се знае дека јас секогаш сум живеел и се уште живеам во внатрешноста многу нешта може да се доведат на ралација писател - книга. Скопје од секогаш било, некогаш повеќе, некогаш помалку, затворено за авторите од внатрешноста. Тоа се чувствува и денеска. Мојата прва книга со сосема поинаков наслов, како што е објавена - "Моето поднебје" подоцна, беше најпрвин понудена во "Мисла", речиси , ми се чини набрзо по нејзиното формирање. Таму не беше објавена, за жал. Многу не се разочарав и не престанав да пишувам. Подоцна истиот ракопис дополнет и сосем малку изменет го објави битолски "Развиток", ама веќе доцна. Значи, да се вратиме на директниот одговор. Вреди да се верува во себеси, да се чита, да се пишува, едноставно да се биде упорен. Јас така успеав.

**Вашиот опус е голем. Низ Вашите дела преовладуваат интими чувства врзани за родниот крај, за жената. Кои се темите на кои најмногу се навраќате?**

-Опусот е тој колку што е. Вредноста на еден книжевен опус и не би требало да се мери само низ бројки, туку, според мене, што носи тој опус на еден автор. Овде е мал просторот за да се разграни и продлабочи ова прашање. Па сепак ќе го заокружиме некако. Почнав со поезија и тој поетски опус го чинат десет оригинални поетски книги. Во тие песни сум јас моите чувства, моите размисли за светот и животот, моето чувствување на животот, на човекот, неговиот бит и менталитет, родното поднебје, моето секојдневно трагање по она што отишло без повраток. Всушност во мојата поезија доминираат три основни тематски подрачја - пејзажи, човекот во тој пејзаж со своите интимни доживувања и патриотизмот. Уште нешто. Детството исто така може да се определи како тематско подрачје. Не случајно некој одамна беше рекол дека секој писател си го прераскажува сопственото детство. Тие тематски подрачја и не се одделени, туку се префаќаат, се преклопуваат и се испреплетуваат. Низ сето тоа писателот ги изразува своите расположенија во допир со се она што го опкружува. Е, сега оттаму оние интимни чувства во "Бели несоници", оттаму оние трагики што ги доживеал нашиот човек во своето национално битие како одраз во поетската збирка "Дедо ми во Балканските војни". Во дел од мојата поезија присутни

се и поуниверзални теми како што е тоа љубовното чувство и минливоста како филозофска категорија на тема. Или пак она што го носи авторот, поет или раскажувач, воопшто.

**Не ги заборавивте ни најмладите- децата. Која е вашата тематска преокупација?**

-Јас веќе раков дека допирот на еден автор со детството е неодминлив. Многу мои песни може да се донесат во врска со детството, но тоа не е кажано низ еден шаблон со исклучиво наметнат мотив, туку повеќе како чувство по нешто драгоцено што си заминало со времето. Поетска книга за деца, иако имам такви песни, се уште не сум објавил. Во опусот на книги за деца се моите прозни остварувања : романот "Рашко" и збирките раскази "Смокот пештерски" и "Приказни од лозје". Тоа е малку подалеку од класичното клише на раскажување. И, во сето тоа мора книгата да се препорача, да се доближи до тој мал читател, а голем критичар.

**Вие сте и литературен историчар. Која е Вашата научно-тематска определеност?**

-Овде ќе морам да ви обелоденам една моја тајна, секако книжевноисториска. Оваа година ќе се појави мојата прва книга со студии и огледи од областа книжевната историја. Таа е насловена малку невообичаено "Отаде и одовде времето", што само по себе зборува што е во неа застапено. Тука се студии за Вапцаров трудови од фолклористиката и јазикот. Мислам дека е доволно кажано за мојата научнотематска определеност. Посебно би го нагласил овде моето интерсирање за теми од фолклористиката какви што се книгите "Сказанија демирхисарски", "Демирхисарски и други сказанија и "Македонски народни пословици".Тоа е таа моја научна преокупација. Гледате пак е тоа доведно со теми од книжевната историја.

**Се занимавате и со критика. Ве гледаме често како промотор. Што се раѓа од тоа?**

-Од поодамна се занимавам со критика. Може тоа да се доведе во врска со седумдесеттите години, но не така интензивно како што тоа го правам и во последната деценија од дваесеттиот век. Трудови од областа на критиката има повеќе и сите објавувани во "Современост", "Разгледи", Стожер", "Театарски гласник", "Развиток" и др. Изборот од севкупната критичка објава е мојата книга "Видувања", само што не се појавила, односно само што не сум го добил првиот примерок. Значи, да резимираме. Од она што сум го напишал како промотор на одделни книги се роди книга критики - "Видувања".

**Сведоци сме и на Вашата долгогодишна соработка со библиотеката. Бевте иницијатор на идеи врзани за организација на промоции и изложби, а на семинарот за библиотекарство во Битола и Битолско по повод 50--годишнината од основањето на библиотеката. Можете ли да ни кажете нешто повеќе за тоа?**

-Библиотеката ја сметам за храм на книгата и отсекогаш со нашава Библиотека сум соработувал. Тука, за соработка треба да наметнуваш свои идеи, но и да те бараат за соработка, секако ако оцениле дека можеш да внесеш свој дел. Јас на тоа не можам да се пожалам. И ме барале и сум се наметнувал со идеи. Има тука широко поле за работа, но затоа пак треба договарање. Незаборавни биле некои изложби или читања што сме ги правеле во Библиотеката. Па сепак мислам дека највисоко може да се издели научниот собир "Библиотекарството во Битола и Битолско". Имаше и повод за тоа "50 години од постоењето на МУБ "Св.Климент Охридски". Јас стојам на располагање со сé што можам да сторам за Библиотеката.

*приредил*
*Николче Вељановски*

# ПОСЕТА НА ДОМОТ ЗА ДОЕНЧИЊА ВО БИТОЛА И МАНАСТИРОТ ПЛАОШНИК ВО ОХРИД

*Приредиле Свешлана Талеска и Илче Сшојановски*

По повод 8 Март, Домот за доенчиња од Битола традиционално праќа честитка до МУБ, а жените од библиотеката со свои претставници им возвраќаат со посета при што на децата им даваат пригодни подароци.

По повод 8-ми Март Меѓународниот ден на жената, вработените од МУБ





"Св. Климент Охридски" остварија еднодневна посета на градот Охрид.

Притоа тоа тие со воодушевување ги доживуваа моментите на присуство во древниот град на словенската писменост, градот во кој културно - образовно и творечки делувале учениците на С. Кирил и Методиј, Св. Климент и Св. Наум Охридски, Цар Самоил, Глигор Прличев и други дејци од македонското културно - образовно и историско минато и древно наследство до денешни дни.

Посебно впечатлива беше посетата на манастирот Плаошник - духовно здание кое зрачи со својата исконска православна христијанска харизматичност. Се она што е создателно и творечко доаѓа до израз во





допир со домарите на духовноста. Тука чиниш Светоста на книгата и писанието и творештвото на старите мајстори преку иконите, фреските, резбите и неповторливата градба се во неверојатен спој со природата, набото и езерото.

Во склоп на оваа посета беше остварена и средба со вработените од библиотеката "Глигор Прличев", при што беа разменети меѓусебни мислења и искуства за состојбите, проблемите и натамошниот развој во областа на библиотекарството и библиотечната дејност како заеднички интерес на двете сродни институции и натамошната соработка.

# КУЛТУРА... БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ

## ПРОМОЦИИ ВО МУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

Битолскиот храм на книгата МУБ "Св. Климент Охридски" деновиве беше организатор и соорганизатор на три значајни промоции на книги. Во петокот на 23 мај Александар Прокопиев ги промовира есеите на Данило Киш а есеистот Ричард Иванишевиќ зборуваше за книгата "Човекот со четири часовници" од Александар Прокопиев.

Наредниот ден, на 24 мај во организација на ОМПЕМ - Битола, исто така во просториите на библиотеката беше извршена промоција на стихозбирките "Мајчина душичка" и "Дружба на ветерот" од Трајко Дурчовски кои говореа рецензентите Бел Узелова и Антонио Танески.

*Во МУБ „Св. Климент Охридски" отворена тематска изложба*

## ВО ЧЕСТ И СЛАВА НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

Во битолскиот храм на книгата - Матичната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски" деновиве е отворена тематска изложба на книги посветена на 110 годишнината од смртта на големиот македонски поет Григор Прличев, книжевник и просветител од 19 век (1831-189.).

Презентирани се четириесетина книги со кои располага библио... кои „Сердарот", „Автобиографијата", „Скендербег" и

*Р.П.*

*Промовиран романот*

## „СМРТТА НА ДИЈАКОТ"

Во понеделникот на 17 ...арт во салата за промоции на ...УБ „Свети Климент Охридски" - Битола на свечен начин ...ше претставен романот ...мртта на дијакот" од познатиот македонски писател и преведувач, инаку наш сограѓанин ...раги Михајловски. За овој ...озен ракопис кој е добитник ... наградата „Стале Попов" за ...02 година на Друштвото на ...сателите на Македонија говореше есеистот Ричард Иванишевиќ (кој направи камерен опус на целокупното дело на Михајловски) и самиот автор.

Драги Михајловски (1951), писател, преведувач, професор на Филолошкиот факултет во Скопје е автор на книгите: „Речно улиште", „Ѓон", „Скок со стап", „Триполската капија" (раскази), „Пророкот од Дискантрија", „Смртта на дијакот" (романи) и други. Добитник е на повеќе книжевни награди меѓу кои Рациновото признание (1994), „Григор Прличев" (1996) и „Стале Попов" (2002).

**Пишува: П. Манојлов**

*Во МУБ „Св. Климент Охридски"-Битола*

## ИЗЛОЖБА НА КНИГИ ОД ЖИНЗИФОВ И ПОЛЕНАКОВИЌ

Матичната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски" - Битола од почетокот на оваа година почна да реализира една мошне интересна идеја: во своите простории да поместува изложби на книги на познати македонски и светски книжевници поврзани со датуми од ...те раѓања, умирања или ...така, деновиве е отворе... изложба на книги ... великани: ... 15 фев... ис... Москва) и Харалампие Поленаковиќ (роден 30 јануари 1909 ... во Гостивар а почина ... февруари 1984 година)

Изложени се речиси с... изданија од делата на автор... но и дела напишани за нив. ...тересно е да се види најстар... издание на „Крвава кошула" Жинзифов но и ...ние на Полен...овиќ како што се: „Во мугрите ... словенската писменост", „Ни...иците на новата македонска ...жевност", „Во екот на народн... будење" и други.

*...и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"*

## РЕКОРД НА ОДДЕЛОТ ЗА ДЕЦА

**На 8 јануари преку 300 деца од основните и средните училишта (до прва година) го посетиле и зеле книги за читање што претставува апсолутен рекорд на овој оддел, а можеби и на Библиотеката.-Голем интерес и во одделот за возрасни**

И покрај тоа што битолските основци и средношколци веќе подолг период се на заслужен зимски распуст, тие не ја имаат заборавено книгата. Напротив, од она што го дознавме во Матичната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Битола, може да се рече дека нивниот интерес за книгата е поголем од било кога досега.

-Во последните десетина дена од минатата и првите неколку денови од новата година во Детскиот оддел на Библиотеката вртe како во кошница, - ни рече библиотекарката Стевка Петковска и додаде: ...о нашиот оддел во просек секој ден навраќаа по ...еку стотина деца од основните и средните учи...ита (до прва година). Посетата најголема беше ... јануари, кога Детскиот оддел го посетија преку ...ици читатели, што претставува апсолу... ... на одделот, а можеби и на Библиот... што се должи рекордниот инте... многу се интересираат ... ...вор на овие праш... ...ата Алексан... ...олемио...



...ги што ги организираме во Одделот... рече Александра Раиф.-Оваа... читатели најголем интер... наречената тинејџер... тирните изданиј... Прили... ...ат и во...

## ЗАНИМЛИВОСТИ ОД СВЕТОТ НА КНИГАТА

**Најмал весник**
Бразилското списание Воса сењора, прв-пат печатено во 1935 г. има димензии од 3,5х2,5 см.

**Најголемо списание** било издадено од 10.1.1990 година на Шукан јутаку јохо (неделен информатор за домот) што се печати во Јапонија. Тоа било објавено во рекордни 1940 страници.

**Најстар весник** што сеуште и денес се печати во Шведска е журналот публикуван од Кралската Шведска академија на литературата во 1645 г.

**Најпродавани романи**
Сите се напишани од жени писатели од САД и достигнале тираж од 30 милиони примероци. Тие се: Да се убие подбивната птица (1960) од харпер Ли; Однесено од виорот (1936) од Маргарет Мичел; Долината на куклите (1966) од Жаклин Сузан што била продадена во 6,8 милиони примероци уште првите 6 месеци по објавувањето.

**Најпродавана детска серија книги во една година**
Во 1999 г. првите три книги од серијата изданија Хари Потер од Џ. К. Роулинг биле продадени во над 18.5 милиони примероци во САД и во над 4.5 милиони примероци во Велика Британија и Комонвелтот и во 10,4 милиони примероци во САД под насловот Хари Потер и волшебниковиот камен.

**Девникот на Ана Франк**, во времето на Втората светска војна, е преведен на 55 јазици и е продаден во 25 милиони примероци.

**Македонскиот најстар буквар** што се употребувал како учебник во македонските училишта е "Началное учение со молитви" отпечатен во Солун во печатницата на Теодосиј Синаитски. Зачувано е второто издание во 1841 год.

Речникот под наслов "**Македонски речник од 16** век" содржи над 330 зборови, две македонски љубовни песни и еден убав цртеж на жена во македонска народна носија.

Првата граматика на македонски литературен јазик **"Македонска граматика"** е објавена во јануари 1946 година во издание на Државното книгоиздателство на НРМ-Скопје. Нејзин автор е Круме Кепески. Граматиката е печатена во 15000 примероци на 80 страници.

**Најстар печатар - македонец** бил Јаков од Камена Река, денес Каменица Македонска, кој во 1566 година во Венеција ја отпечатил црковната книга "Часослов". Книгата е печатена во печатницата на црногорскиот печатар Божидар Вуковиќ и неговиот син Виченцо.

*приредила*
*Александра Раиф*

## АФОРИЗМИ

Добрата библиотека го претставува дневникот на човечката раса.
-искажана при отворањето на Бирмингемската бесплатна библиотека

Џорџ Мерсер Досон

Добрата библиотека е место, дворец каде благородните духови на сите нации и генерации се сретнуваат

Самјуел Нигер

Библиотеката не е олтар за обожавање на книгите. Таа не е место каде што литературниот инсенс мора да гори, или пак место каде нечија посветеност кон саканата книга се изразува преку ритуал. Исто така, библиотеката според модификуваната позната метафора на Сократ, треба да биде место на раѓање на идеи - место каде историјата повторно оживува.

Норман Казнс

Библиотеката не е луксуз туку една од потребите на животот

Хенри Вард Бичер

Библиотеката го претставува умот на собирач, неговите замисли и желби, карактерни слабости и добри страни, неговите предрасуди и неговиот избор. Преку неа се претставени неговите пријателства, фазите на раст и лутањето на неговиот ум.

Сер Вилијам Ослер

Библиотекарот денес, и ова ќе биде вистината на библиотекарите во иднина, не се крволочни змеови кои се поставени меѓу луѓето и книгите.Тие се корисни служители, кои управуваат со библиотеките во интерес на јавноста... Многумина мислат дека големиот читател или писател на книги ќе биде одличен библиотекар. Тоа е чиста заблуда.

Сер Вилијам Ослер

Човекот е несовршениот библиотекар, кој можеби е производ на случајот или на некој злобен демиург; универзумот пак, со својот посед од рафтови со енигматски томови и недостижни бескрајни скалила за патникот и позадина на седнатиот библиотекар, може да биде само дело на бог

Хорхе Луис Борхес

*приредил*
*Николче Вељановски*

## ЛИСТА НА ИЗБРАНИ КНИГИ ПРИСТИГНАТИ ВО 2003 ГОДИНА

| Р.бр | Наслови | Автор | Издавач | Пар. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Зоја | П. Гилески | ММ | 1 |
| 2. | Избрани дела 1-5 | Л. Старова | ММ | 1 |
| 3. | Избрани дела 1-4 | П. Бошковски | ММ | 3 |
| 4. | Талкачи | С. Кочов | ММ | 3 |
| 5. | Чекање на зората | Б. Иванов | ММ | 2 |
| 6. | Една година и цел живот | Б. Иванов | ММ | 1 |
| 7. | Павел Шатев - Живот и | П. Михајлов | Нова Мак. | 3 |
| 8. | Нова година во земјанките | С. Кочов | ММ | 5 |
| 9. | Избрани дела 1-4 | Ј. Павловски | ММ | 3 |
| 10. | Недожилените | К. Мисиркова | ММ | 4 |
| 11. | Бунило | Живко Чинго | Мисла | 4 |
| 12. | Круг | М. Селимовиќ | Наша книга | 3 |
| 13. | Сага за писателот | И. Чаповски | ММ | 4 |
| 14. | Раскази | Б. Иванов | ММ | 4 |
| 15. | Сонот на летната ноќ | В. Шекспир | Феникс | 5 |
| 16. | Црноборје | П. Ширилов | ММ | 5 |
| 17. | Уметноста на љубовта | Е. Фром | Силсонс | 5 |
| 18. | Убава жена | Д. Ајронс | Силсонс | 3 |
| 19. | Тајните на белата куќа | Р. Кеслер | Силсонс | 3 |
| 20. | Александровата анабаса | Аријан | Патрија | 3 |
| 21. | Филиповата историја | Јустин | Патрија | 3 |
| 22. | Методи Андонов -Ченто | | Данта Понс | 1 |
| 23. | Мојот татко Методија | | Данта Понс | 1 |
| 24. | Тага за мојата татковина | П. Павловски | Мисла | 3 |
| 25. | Патување со љубената | Б. Павловски | Мисла | 2 |
| 26. | Хамлет | В. Шекспир | ММ | 5 |
| 27. | Роман за моето заминување | Б. Павловски | АЕА | 2 |
| 28. | Поезија | Д. Максимовиќ | ММ | 7 |
| 29. | Прилози- странски автори | Р. Силјан | ММ | 5 |
| 30. | Прилози-стара книжевност | Р. Силјан | ММ | 5 |
| 31. | Вујко Вања | А. Чехов | ММ | 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 32. | Гилгамеш | | ММ | 5 |
| 33. | Климент Охридски | Т. Арсовски | ММ | 5 |
| 34. | Тристан и Изолда | З. Бедје | ММ | 5 |
| 35. | Скржавец | Плаут | ММ | 10 |
| 36. | Александар Македонски | Расин | ММ | 3 |
| 37. | Кандид | Волтер | ММ | 5 |
| 38. | Господарот на прстените 3 | Толкин | Мисла | 6 |
| 39. | Семејство | М. Пузо | Силсонс | 6 |
| 40. | Сите мои синови | Артур Милер | ММ | 8 |
| 41. | Гозба за љубовта | Платон | ММ | 7 |
| 42. | Скомраз | П. Гилески | ММ | 4 |
| 43. | Молчи и пливај | Тиодоровиќ | Силсонс | 6 |
| 44. | Назад кон разумот | Б. Павловски | АЕА | 6 |
| 45. | Македонија, државност и | Н. Велјановски | ИНИ | 3 |
| 46. | Љубовта на мојот живот | М.Д. Фишер | Феникс | 3 |
| 47. | Странец во огледало | С. Шелдон | Феникс | 3 |
| 48. | Александар Македонски | | Феникс- | 3 |
| 49. | Новооткриени масонски | К. Најт | Феникс | 3 |
| 50. | Како до сопствено | С. Реј | Феникс | 3 |
| 51. | Живот без трка и страв | К. Ричард | Феникс | 3 |
| 52. | Скршени крилја | К. Џибран | Феникс | 3 |
| 53. | Милионер | М. Фишер | Феникс | 3 |
| 54. | Фати ме ако можеш | Ф. Абигејл | Феникс | 3 |
| 55. | Кога си среќен | Писма | Феникс | 3 |
| 56. | Подарок од срцето | Песни и писма | Феникс | 3 |
| 57. | Кога Господ одеше по земја | Н. Радев | Мак. книга | 3 |
| 58. | Ремек дела и Изолда | П. Костов | Мак. книга | 3 |
| 59. | Немири и размисли | Д.Т. Ставрев | Култура | 2 |
| 60. | Блесокот на Зуљо | Д. Аголи | Мак. Книга | 3 |
| 61. | Антолог на сов. хрв. драма | С. Никчевиќ | Драмск фак. | 4 |
| 62. | Различни гласови | Р. Кошка-Хот | Магор | 2 |
| 63. | Премрежето на критиката | П. Т. Бошковски | ММ | 3 |
| 64. | Допирање на недопреното | Г. Тодоровски | ММ | 3 |
| 65. | Стари и нови песни | И. Ивановски | Мак. Книга | 3 |

Приредил: Николче Вељановски

Матичната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Битола во периодот од 01.01-30.06.2003 г. има добиено финансиски средства од Буџетот според решенија по соодветни програмски активности кои се реализираат како следува:

| р.бр. | ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | Средства од буџет по решенија | Реализирани средств 01.01-30.06 | Разлика | | % на реализирани средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(2-3) | | 5 |
| 1.. | Средства за збогатување на книжевниот фонд | 200.000 | 213.003 | 13.003 | / | 106,51 |
| 2. | Средства за сериски публикации | 55.000 | 42.068 | | 12.932 | 76,48 |
| 3. | Средства за дозаокружување во изработката и излегување во печат на библиографијата "Битола низ вековите" | 60.000 | 60.000 | / | / | 100,00 |
| 4. | Средства за заштита на книжевниот фонд со заштита на оштетениот материјал и повторно ставање во употреба | 45.000 | 30.025 | / | 14.975 | 77,30 |
| 5. | Средства за реализација на проектот за надградба на АЛФА -серверот | 100.000 | 100.000 | / | / | 100,00 |
| 6. | Средства за реализација на проектот за изработка на периодично библиотечно списание "Библиотечен тренд" | 44.000 | 28.269 | / | 15.731 | 64.25 |
| | ВКУПНО: | 504.000 | 473.365 | 13.003 | 43.638 | 93,93 |

Остатокот на нереализираните финансиски средства од 7,41% целосно ќе бидат наменски реализирани во наредното тромесечје.

изработила: сметководител Цара Огненовска

## *НАПОМЕНА*

***Со оглед на тоа што првите два броја од Библиотечен тренд излегуваат истовремено и заради просторот, финансискиот план за првото шестонесечје го прикажуваме во овој број.***

## 58-МИ ЈУБИЛЕЈ НА МУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

Битолската библиотека е формирана на 25 -ти март 1945 година.
Позната и популарна од основањето меѓу корисниците на битолскиот "храм на книгата", официјално од 1979 -тата е Матична и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски". Централна библиотека на југозападниот регион и една од трите депозитни библиотеки во Република Македонија. Со редовните професионални оддели, служби и ангажмани таа претставува духовен презент и репрезент на културно-уметничкиот и интелектуално-образовниот живот во градот и државата.

## МУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА



## БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД

*СПИСАНИЕ НА МУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"*

**Издавач**
Матична и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" Битола
ул. Ленинова 39

**Главен и одговорен уредник:** в.д. директор Јелена Петровска

**Издавачки совет:**
-претседател д-р Николче Вељановски, библиотекар советник
Јоланда Бошевска, виш библиотекар
Ричард Иванишевиќ, виш библиотекар и критичар
Гордана Марковска

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски, одговорен уредник
Ричард Иванишевиќ
Илче Стојановски

**Лектура и коректура:** Костандина Вељановска
Јоланда Бошевска

**Фотографии:** Трајан Чагорски

**Корица и скенирање:** Гордана Пешевска

**Компјутерска обработка и печат:** Херакли Комерц

**Тираж:** 300 примероци

ISSN 1409-9497

*Издавањето на списанието е финансирано од Министерството за култура*


11
Драми
од
Вилијам
Шекспир
ВШ
Драги Михајловски


БОЖИН
ПАВЛОВСКИ
НАЗАД
КОН
РАЗУМОТ


Џорџ С. Клејсон
НАЈБОГАТИОТ ЧОВЕК НА
ВАВИЛОН
Најинспиративна книга било кога
напишана за успехот
MARTINA


52
ЧЕКОРИ
ДО УСПЕХОТ
Наполеон Хил
MARTINA
commerce